# Јавна реакција

## Правни дилеми околу интерпелацијата и постапката за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ

—

Коалиција Сите за правично судење

www.caft.org.mk

ул. Македонија 11/2-10, Скопје

+389 2 6139874

+389 71 218651

Скопје, 2025

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# ПРАВНИ ДИЛЕМИ ОКОЛУ ИНТЕРПЕЛАЦИЈАТА И ПОСТАПКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ НА РСМ

Коалицијата „Сите за правично судење“ ја следи со голема загриженост целокупната постапка поврзана со интерпелацијата на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Иако од формален аспект е дозволено Собранието да расправа по интерпелација за носители на јавни функции, начинот на кој таа се спроведе, контекстот и временската рамка отвораат сериозни прашања за политичко влијание врз Јавното обвинителство.

**Интерпелацијата** претставува уставно загарантиран механизам за политичка контрола и надзор на Собранието над Владата и другите носители на јавни функции. Во оваа насока, членот 72 од Уставот на РСМ, како и членот 47 од Деловникот на Собранието на РСМ, јасно укажуваат дека со интерпелацијата, покрај Владата и нејзините поединечни членови, можат да бидат опфатени и сите други носители на јавни функции. Имајќи предвид дека Јавниот обвинител на РСМ, кој е избран од Собранието, постапува во име на државата и го штити јавниот интерес, истиот не е имун на оваа постапка.

Меѓутоа, во конкретниот случај се наметнуваат две прашања- едно правно и едно фактичко. Правното прашање се однесува на тоа дали интерпелацијата може да се користи за истите прашања кои се основ за поведување постапка за разрешување?

Интерпелацијата не треба да се користи како замена за институционална постапка за утврдување на одговорност, особено кога станува збор за факти и наводи кои можат да претставуваат основ за дисциплинска одговорност според Закон. Така, член 91 став 1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство предвидува разрешување во случаи кога јавниот обвинител направил крупна професионална грешка, а основите наведени во интерпелацијата (нестручност, неефикасност и пристрасност) директно потпаѓаат под оваа клаузула. Оттука, ваквата пракса создава ризик од постоење на две паралелни постапки со различна природа и тежина, различни и споделени надлежности, или злоупотреба и целосно политизирање на институционалната одговорност. Ваквата пракса воедно носи ризик и од подривање на автономијата на Јавното обвинителство, особено ако интерпелацијата се користи несразмерно како алатка за јавен или политички притисок, без правни импликации.

Во овој контекст, интерпелацијата треба да се користи како механизам кога треба да се реагира на проблеми кои не се со доволна тежина за формално разрешување на Јавниот обвинител, но сепак бараат политичка дебата, или пак кога се работи за прашања што не се опфатени со основите за дисциплинска одговорност (на пример, нарушена комуникација со други институции, игнорирање на јавниот интерес, пропусти во административното или финансиско работење на јавното обвинителство, итн.).

Исто така, сметаме дека интерпелацијата не треба да се користи како алтернативен механизам кога Владата одбива да иницира постапка за разрешување, бидејќи Собранието има други механизми за повикување на Владата на отчет.

Второто прашање се однесува на начинот на кој беше спроведена целата оваа постапка, како и останатите случувања кои што претходеа на истата.

Пред оваа постапка за интерпелација, од страна на Владата на РСМ во февруари 2025 година, беше иницирана постапка за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ. Оваа постапка, еден месец по нејзиното иницирање, во март беше запрена поради трагедијата со дискотеката „Пулс“ во Кочани. Иако постапката за разрешување на Јавниот обвинител беше иницирана поради наводи за нарушена функционалност на Јавното обвинителство, нарушени меѓучовечки односи, незаконски постапувања и корупција, сепак нејзиното прекинување беше појаснето токму со потребата од независност, ефикасност и професионалност на Јавното обвинителство во истрагата поврзана со пожарот во Кочани.

Седницата на Советот на јавните обвинители која требаше да се одржи на 26 март 2025 година, не беше ни отворена поради наводен недостиг на кворум, ниту пак јавноста беше известена за тоа кои членови и поради кои причини се отсутни. Советот на јавните обвинители дури во април даде негативно мислење на предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, откако Владата веќе донесе одлука за запирање на постапката. Специфично за одложената седница е и тоа што се случи еден ден по најавата на Премиерот дека е донесена одлука за запирање на започнатата постапка за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ.

Ваквиот развој на настаните фрла сериозен сомнеж за потенцијална координација помеѓу Владата и Советот на јавните обвинители во однос на постапката за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ, како и сомнеж за влијание врз постапувањето на јавното обвинителство преку недефинираниот статус на запрена постапка за разрешување. Впечатокот е дополнително влошен бидејќи постапката за интерпелација беше иницирана откако веќе е завршена кривичната истрага за случајот со трагедијата во Кочани, а исто така беше поддржана од мнозинството пратеници, како и Владата која претходно ја запре постапката за разрешување.

Сепак, треба да се напомене дека одлуката на Собранието по повод изгласаната интерпелација не подразбира разрешување или какви било други директни последици за Јавниот обвинител на РСМ, освен јавна и политичка осуда.

**Така доаѓаме до клучното прашање - што сега?**

Јавниот обвинител може да поднесе оставка, но не е обврзан на тоа. Во отсуство на оставка, се поставува прашањето дали може да се реактивира запрената постапка за разрешување, или ќе биде потребно да се започне нова постапка?

Иако постапката за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е уредена во член 88 од Законот за јавното обвинителство, таа не е детално процесно разработена. Ваквиот недостаток на детална регулатива не смее да се толкува како простор за дискреционо и неограничено постапување од страна на Владата и Собранието, туку напротив, во духот на владеење на правото, институциите имаат обврска да изградат јасна, предвидлива и правично конзистентна практика на постапување, особено кога станува збор за разрешување на функционери со независен мандат.

Во таа насока, доколку се прифати практиката Владата да има право привремено, но на неограничен период, без јасна законска основа и без утврдени рокови да „замрзнува" постапки за разрешување, тоа отвора простор за злоупотреба и институционално уценување. Ова е спротивно и на укажувањата на Советот на Европа кој, преку разни тела, повеќе пати има нагласено дека долготрајните и нормирано неуредени дисциплински постапки против судии и јавни обвинители, без јасни рокови и процедури, се сами по себе ризик од институционална корупција и политичка злоупотреба. Затоа секогаш препораките се однесуваат на потребата од јасна, предвидлива и правична постапка за дисциплинска одговорност, која гарантира предвидливост, транспарентност и непристрасно постапување. Арбитрарното замрзнување на постапките за разрешување на највисокиот јавен обвинител е спротивно на овие принципи, бидејќи на овој начин Владата би можела да го држи хиерархиски највисокиот јавен обвинител во состојба на постојана правна неизвесност, со вечно отворена, но неразрешена дисциплинска постапка. Тоа не само што го нарушува начелото на правна сигурност и владеење на правото, туку ја подрива и целата функционална независност на Јавното обвинителство.

Од друга страна пак, мора да се има предвид дека ако интерпелацијата се однесува на основи кои според Законот може да бидат предмет на дисциплинска одговорност (на пр. крупна професионална грешка), би било проблематично доколку таа служи како основа за поведување на постапка за разрешување. Во таков случај би дошло до преклопување на надлежности, при што Собранието би станало и иницијатор и орган кој ја носи конечната одлука, а кој веќе еднаш се произнел по прашањата за одговорност, што е спротивно на принципот на поделба на власта и процесна правна сигурност. Дополнително, тоа би ја направило постапката за разрешување излишна, бидејќи секоја понатамошна анализа на факти би се однесувала на прашања за кои надлежниот орган веќе изразил став, само во форма на политичка интерпелација, што го поткопува правниот интегритет на институционалниот процес.

Во ваков контекст, секое понатамошно постапување, било продолжување на старата постапка или покренување нова, би било проблематично. Иако

формално интерпелацијата и постапката за разрешување се различни, фактичкиот и институционалниот контекст ги поврзува, па со тоа што Собранието се произнесе по суштината на обвинувањата во форма на политичка осуда, тој го компромитира сопствениот капацитет за непристрасно одлучување во евентуална следна фаза на разрешување.

Ако се продолжи запрената постапка, тоа ќе биде извршено по долг временски прекин, по веќе дадено негативно мислење од Советот и по значајно изменет контекст, што го доведува во прашање легитимитетот, предвидливоста и правичноста на постапката. Од друга страна, ако се започне нова постапка, таа ќе се темели врз прашања за кои Собранието веќе изразило став, со што се губи процесната неутралност. Сето ова резултира со нарушен правен интегритет и го отвора прашањето дали било каква одлука што ќе следи понатаму би можела да се смета за законита, легитимна и заснована на фер постапка.

Поради ова, мора да се има предвид дека одговорноста на Јавниот обвинител е важен елемент на демократскиот систем и таа мора да се спроведува транспарентно, преку институционални механизми, а не преку политички маневри. Во спротивно, се создава опасен преседан каде што независноста на Јавното обвинителство се доведува во прашање под притисок на политички потреби. Поради ова апелираме до институциите да постапуваат доследно, законито и во јавен интерес, имајќи ги предвид далекусежните последици и правните преседани кои настануваат со нивното постапување.

## ЈАВНОСТА ОЧЕКУВА ОДГОВОРНОСТ КОЈА МОРА ДА БИДЕ ЗАСНОВАНА НА ФАКТИ, ЗАКОН И ПРЕДВИДЕНА ФЕР И ПРАВИЧНА ПОСТАПКА, А НЕ НА ПОЛИТИКА И ПЕРЦЕПЦИЈА.